**20121022673**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Врз основа на член 12 став (3) од Законот за процена („Службен весник на Република Македонија" бр.115/10, 158/11, 185/11 и 64/12), министерот за животна средина и просторно планирање, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА ПРОЦЕНУВАЧ НА ВРЕДНОСТА НА ДОБРАТА И ВЛИЈАНИЈАТА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 1

Во Програмата за полагање на стручен испит за проценувач на вредноста на добрата и влијанијата врз животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.18/12 ) во точката 2 во потточка V пред зборовите „Извештај за процена" се додаваат зборовите „Опфат на процена и ".

Член 2

Во Прилогот по точката 15 се додаваат две нови точки 16 и 17 кои гласат:

„16. Економски аспекти на заштита на животната средина, Недановски Пеце, Економски факултет, Скопје, 2004, и

17. Вреднување на добрата и ефектите во интегралниот пристап за анализа на проектите, докторска дисертација (необјавена), Арсов Сашо, Економски факултет, Скопје, 2003."

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.07-7080/3
25 Јули 2012 година
Скопје

Министер,
**Абдилаќим Адеми,** с.р.